**Повик за доделување еднократна парична помош**

**на семејствата кои имаат прваче**

**во учебната 2022/2023 година**

**на подрачјето на Општина Демир Хисар**



Родителите на првачињата запишани во едно од училиштата на територијата на Општината можат да поднесат барање за еднократната парична помош во износ од 3.000,00 денари до архивата на Општина Демир Хисар од денеска 12.08.2022 година до 25.08.2022 година.

**Образецот може да се подигне на линкот: ТУКА**

Во прилог на барањето е потребно да се доставаат следниве документи:

1. Потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2022/2023 година заверена од основно училиште од територијата на Општина Демир Хисар;

2. Фотокопија од извод од матичната книга на родените (за првачето);

3. Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на еден од родителите, од која се видни податоците за живеалиштето во Општина Демир Хисар;

4. Фотокопија од активна трансакциска сметка на истиот родител (даночен обврзник) од кој е приложена копија од личната карта или патната исправа.

**Општина Демир Хисар**

**Никола Најдовски, Градоначалник**